# ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИ НА РАБОТЕЊЕТО НА **ФАКОМ АД** ЗА ПЕРИОД ОД 01.01-31.12.2018 ГОДИНА

Изработил: РЕПРО ТРАСТ-ДООЕЛ, СКОПЈЕ

март, 2019 година

СОДРЖИНА

БИЛАНС НА УСПЕХ........................................................................................ 2
Вкупен приход........................................................................................ 3
Трошоци........................................................................................ 4
БИЛАНС НА СОСТОЈБА........................................................................................ 6
АКТИВА........................................................................................ 6
ПАСИВА........................................................................................ 7
ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ........................................................................................ 9

## ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА

## БИЛАНС НА УСПЕХ

ФАКОМ АД, 2018 година ја заврши со позитивен финансиски резултат, оствари нето добивка од 15,5 милиони денари. Во споредба со истиот период во 2017 година кај друштвото има значително зголемување на оперативната добивка.

Билансот на успех за 2018 и 2017 година е прикажан во следната табела.

Во МКД

| | 31.12.2017 | 31.12.2018 | % во приходи 31.12.2017 | % во приходи 31.12.2018 | % на пораст 2018/2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 1.233.889.162 | 1.308.720.269 | 94,98% | 94,78% | 6,06% |
| Останати приходи | 65.266.667 | 72.039.417 | 5,02% | 5,22% | 10,38% |
| **Вкупен приход** | **1.299.155.829** | **1.380.759.687** | **100,00%** | **100,00%** | **6,28%** |
| | | | | | |
| Трошоци за материјали, енергија | 737.740.952 | 783.412.326 | 56,79% | 56,74% | 6,19% |
| Трошоци за плати | 325.960.916 | 327.664.986 | 25,09% | 23,73% | 0,52% |
| Останати трошоци | 176.802.879 | 197.377.017 | 13,61% | 14,29% | 11,64% |
| **Вкупни готовински трошоци** | **1.240.504.747** | **1.308.454.329** | **95,49%** | **94,76%** | **5,48%** |
| **ППКДА (ЕБИТДА*)** | **58.651.081** | **72.305.358** | **4,51%** | **5,24%** | **23,28%** |
| | | | | | |
| Амортизација | 54.167.583 | 52.691.119 | 4,17% | 3,82% | -2,73% |
| **Оперативна добивка** | **4.483.499** | **19.614.238** | **0,35%** | **1,42%** | **337,48%** |
| | | | | | |
| Финансиски приходи | 6.488.262 | 3.073.294 | 0,50% | 0,22% | -52,63% |
| Финансиски расходи | 8.652.744 | 4.088.551 | 0,67% | 0,30% | -52,75% |
| **Добивка(загуба) пред оданочување** | **2.319.017** | **18.598.982** | **0,18%** | **1,35%** | **702,02%** |
| | | | | | |
| Данок на добивка | 0 | 3.140.838 | 0,00% | 0,23% | 0,00% |
| **Нето добивка(загуба) од работење** | **2.319.017** | **15.458.144** | **0,18%** | **1,12%** | **566,58%** |
| | | | | | |
| **Нето добивка (загуба)** | **2.319.017** | **15.458.144** | **0,18%** | **1,12%** | **566,58%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

Билансот на успех е прикажан во облик посебно да ја изразува добивката пред камати, даноци и амортизација, за да можат да се елиминираат ефектите од неготовинските трошоци врз работењето на друштвото.
Она што се забележува во набљудуваниот период е дека вкупните приходи се зголемени за околу 6,3% во 2018 година во однос на истиот период 2017 година. Вкупните трошоци се зголемени за околу 5,5%. Структурата на готовинските трошоци во јануари-декември 2018 година е иста со структурата во 2017 година. Учеството на вкупните трошоци во вкупниот приход во 2018 година е за околу 1% помало во споредба со истиот период во 2017 година.
Оперативната добивка во 2018 година е за околу 15 милиони денари поголема во споредба со истиот период во 2017 година.
Показателот ЕБИТДА е позитивен и во двете години и изнесува 58,6 во 2017 година односно 72,3 милиони денари во 2018 година, истиот е зголемен за околу 14 милиони денари.
Друштвото работи и остварува добивка во двата анализирани периоди. Финансиските приходи и финансиските расходи во 2018 година се намалени во споредба со истиот период во 2017 година.

## *Вкупен приход*

Вкупниот приход на друштвото во периодот јануари-декември 2018 година во однос на истиот период 2017 година е зголемен за околу 6,3%. Структурата на приходите е иста и во двете години. И во двете анализирани години најголемо учество во вкупниот приход отпаѓа на приходи остварени од продажба на добра и услуги во странство и на приходи остварени од продажба на добра и услуги во земјата.

Учеството и структурата на приходите е прикажано во следната табела:

Во МКД

| Структура на приходите | 31.12.2017 | 31.12.2018 | % во приходи 31.12.2017 | % во приходи 31.12.2018 | % на пораст 2018/2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на добра(производи) и услуги во земјата | 280.819.495 | 375.834.337 | 21,62% | 27,22% | 33,83% |
| Приходи од продажба на добра(производи,стоки) и услуги во странство | 953.069.667 | 932.885.932 | 73,36% | 67,56% | -2,12% |
| Приходи од продажба на материјали,резервни делови и отпадоци | 60.462.029 | 67.374.305 | 4,65% | 4,88% | 11,43% |
| Приходи од наемнина | 583.992 | 573.680 | 0,04% | 0,04% | -1,77% |
| Добивки од продажба на нематеријални и материјални средства | 121.480 | 0 | 0,01% | 0,00% | -100,00% |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврски | 709.387 | 1.261.521 | 0,05% | 0,09% | 77,83% |
| Останати приходи од работењето | 3.389.779 | 2.829.912 | 0,26% | 0,20% | -16,52% |
| **Вкупен приход** | **1.299.155.829** | **1.380.759.687** | **100,00%** | **100,00%** | **6,28%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

## *Физичко извршување на ниво на ФАКОМ АД*

Во периодот јануари-декември 2018 година на ниво на ФАКОМ АД, физичкото извршување е пониско и од планираното за овој период но и од истиот период во 2017 година. Исполнувањето на планот во овој период на ниво на АД е 92% . Физичкото извршување на ниво на ФАКОМ АД е прикажано во табелата подолу:

во ЕТ

| р.бр. | вид на произв. | месечно-2018г | | | | | | | | | | | | Кумулатив (во ЕТ) | | | кумул.-% на | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 01 - 12 2018г | план 2018г | 01- 12 2017г | 2018/ план | 2018/ 2017 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| 1 | Челич.конструк | 645 | 930 | 733 | 554 | 781 | 914 | 759 | 836 | 905 | 701 | 661 | 475 | 8.894 | 7.912 | 9.672 | 112% | 92% |
| 2 | Опрема | 506 | 346 | 295 | 489 | 287 | 179 | 351 | 77 | 73 | 228 | 184 | 398 | 3.413 | 2.447 | 1.600 | 139% | 213% |
| 3 | Профилир.лим | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 10 | 100 | 16 | 10% | 63% |
| 4 | Носачи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.652 | 1.218 | 0% | 0% |
| 5 | Конфекционирањ | 2 | 3 | 1 | 3 | 2 | 1 | 2 | 4 | 3 | 4 | 3 | 3 | 31 | 483 | 42 | 6% | 74% |
| 6 | Ламели | 22 | 22 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 37 | 86 | 0 | 460 | 0% | 19% |
| 7 | Услуги | 891 | 1.010 | 1.109 | 879 | 828 | 910 | 682 | 1.007 | 782 | 830 | 501 | 541 | 9.969 | 8.913 | 11.249 | 112% | 89% |
| 8 | Цевоводи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 42 | 66 | 25 | 77 | 0 | 210 | 0 | 0 | 0% | 0% |
| 9 | Плаштови и кров за резервоар | 261 | 292 | 297 | 121 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 43 | 0 | 1.014 | 1.290 | 0 | 79% | 0% |
| 10 | Едностран покрив | 0 | 0 | 0 | 42 | 46 | 43 | 0 | 0 | 0 | 14 | 0 | 0 | 145 | 108 | 0 | 135% | 0% |
| | ВКУПНО | **2.326** | **2.603** | **2.436** | **2.088** | **1.948** | **2.046** | **1.797** | **1.966** | **1.830** | **1.807** | **1.470** | **1.454** | **23.771** | **25.903** | **24.255** | **92%** | **98%** |

## *Трошоци*

Сите категории трошоци се прикажани подолу:

Во МКД

| Трошоци на продажба | 31.12.2017 | 31.12.2018 | % во трошоци 31.12.2017 | % во трошоци 31.12.2018 | % на пораст 2018/2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и материјали (за производство) | 664.654.011 | 715.367.559 | 51,34% | 52,56% | 7,63% |
| Трошоци за енергија(за производство) | 54.695.662 | 51.437.334 | 4,22% | 3,78% | -5,96% |
| Трошоци за резервни делови и материјали за одржување(за производство) | 15.644.199 | 13.840.556 | 1,21% | 1,02% | -11,53% |
| Трошоци за ситен инвентар,амбалажа и автогуми (за производство) | 4.178.825 | 5.857.445 | 0,32% | 0,43% | 40,17% |
| Надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги | 1.767.364 | 17.551.956 | 0,14% | 1,29% | 893,11% |
| Услуги за одржување и заштита | 4.653.534 | 4.821.723 | 0,36% | 0,35% | 3,61% |
| Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови и одпадоци | 2.199.994 | 804.408 | 0,17% | 0,06% | -63,44% |
| Плата и надоместоци на плата-(за производство) | 233.244.964 | 230.965.182 | 18,02% | 16,97% | -0,98% |
| Трошоци за амортизација (за производство) | 49.426.501 | 48.247.929 | 3,82% | 3,54% | -2,38% |
| **Вкупно трошоци на продажба** | **1.030.465.055** | **1.088.894.092** | **79,59%** | **80,00%** | **5,67%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

Трошоците на продажба се зголемени за 5,7% односно за околу 58,4 милиони денари во однос на јануари-декември 2017 година. Забележително е дека структурата на трошоците на продажба како и нивното учество во вкупните трошоци е речиси иста во двете години, и изнесува околу 80%. Во 2018 и во 2017 година од оваа група на трошоци најголемо учество во вкупните трошоци имаат трошоците за суровини и материјали, трошоци за енергија, трошоци за надворешни услуги од работници ( бравари, заварувачи, градежници и др.) и трошоците за плата и надоместоци на плата.

Во МКД

| Трошоци на дистрибуција | 31.12.2017 | 31.12.2018 | % во трошоци 31.12.2017 | % во трошоци 31.12.2018 | % на пораст 2018/2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Транспортни услуги | 44.501.215 | 41.329.546 | 3,44% | 3,04% | -7,13% |
| Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | 1.652.284 | 1.708.858 | 0,13% | 0,13% | 3,42% |
| Трошоци за реклама,пропаганда, промоција и саеми | 2.309.464 | 2.558.097 | 0,18% | 0,19% | 10,77% |
| Дневници за службени патувања,ноќевања и патни трошоци | 1.999.163 | 2.438.561 | 0,15% | 0,18% | 21,98% |
| Трошоци за репрезентација | 818.900 | 1.784.883 | 0,06% | 0,13% | 117,96% |
| **Вкупно трошоци на дистрибуција** | **51.281.026** | **49.819.944** | **3,96%** | **3,66%** | **-2,85%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

Трошоци на дистрибуција се намалени во периодот јануари-декември 2018 година, и тоа за околу 3% односно за околу 1,5 милиони денари. Учеството на трошоците на дистрибуција во вкупните трошоци во 2018 година изнесува 3,66%. Структурата на трошоците и во двата периода е иста.

Поединечно од трошоците на дистрибуција најголемо учество во вкупните трошоци имаат транспортните услуги ( ангажирање на шпедитерски фирми кои вршат шпедиција и превоз), дневници за службени патувања, трошоци за репрезентација (овие трошоци бележат значителен пораст во 2018 година во споредба со истиот период во 2017 год- околу 118%).

Во МКД

| Административни расходи | 31.12.2017 | 31.12.2018 | % во трошоци 31.12.2017 | % во трошоци 31.12.2018 | % на пораст 2018/2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за енергија(за администрација,управа и продажба) | 2.434.270 | 2.429.935 | 0,19% | 0,18% | -0,18% |
| Трошоци за резервни делови и материјали за одржување(за администрација | 312.810 | 336.942 | 0,02% | 0,02% | 7,71% |
| Трошоци за ситен инвентар,амбалажа и автогуми (за администрација,управ | 4.269 | 62.872 | 0,00% | 0,00% | 1372,76% |
| Плата и надоместоци на плата-(за администрација, управа и продажба) | 92.715.952 | 96.699.804 | 7,16% | 7,10% | 4,30% |
| Останати трошоци за вработените | 7.716.098 | 7.992.241 | 0,60% | 0,59% | 3,58% |
| Трошоци за амортизација (за администрација,управа и продажба) | 4.741.081 | 4.443.191 | 0,37% | 0,33% | -6,28% |
| Надоместок на трошоци на вработените и подароци | 6.836.984 | 8.507.732 | 0,53% | 0,63% | 24,44% |
| Трошоци за надомест и др.примања на членови на управен и надзорен одбор, | 2.784.000 | 2.694.000 | 0,22% | 0,20% | -3,23% |
| Трошоци за спонзорства и донации | 259.800 | 1.584.212 | 0,02% | 0,12% | 509,78% |
| Трошоци за осигурување | 7.268.512 | 6.818.215 | 0,56% | 0,50% | -6,20% |
| Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 3.010.487 | 2.960.954 | 0,23% | 0,22% | -1,65% |
| Даноци кои не зависат од резултатот,членарини и др. давачки | 4.532.082 | 5.559.252 | 0,35% | 0,41% | 22,66% |
| Останати трошоци на работењето | 67.034.482 | 67.908.803 | 5,18% | 4,99% | 1,30% |
| **Вкупно административни расходи** | **199.650.827** | **207.998.152** | **15,42%** | **15,28%** | **4,18%** |

| Други оперативни расходи | 31.12.2017 | 31.12.2018 | % во трошоци 31.12.2017 | % во трошоци 31.12.2018 | % на пораст 2018/2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| Наем-лизинг | 51.558 | 357.365 | 0,00% | 0,03% | 593,13% |
| Комунални услуги | 3.403.903 | 3.822.368 | 0,26% | 0,28% | 12,29% |
| Останати услуги | 6.196.857 | 5.204.929 | 0,48% | 0,38% | -16,01% |
| Вредносно усогласување(обезвреднување) на краткорочни побарувања | 1.870.090 | 809.349 | 0,14% | 0,06% | -56,72% |
| Загуби врз основа на расходување и загуби од продажба на нематеријални и | 217.340 | 545.750 | 0,02% | 0,04% | 151,10% |
| Кусоци,кало, растур, расипување и кршење | 694.895 | 274.608 | 0,05% | 0,02% | -60,48% |
| Расходи врз основа на директен отпис на побарувања | 840.620 | 882.831 | 0,06% | 0,06% | 5,02% |
| Останати расходи од работењето | 160 | 2.536.060 | 0,00% | 0,19% | 1587716,15% |
| **Вкупно други оперативни расходи** | **13.275.423** | **14.433.260** | **1,03%** | **1,06%** | **8,72%** |
| | | | | | |
| **Вкупни трошоци** | **1.294.672.330** | **1.361.145.448** | **100,00%** | **100,00%** | **5,13%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

Административните расходи во периодот јануари-декември 2018 год. се зголемени за околу 4% односно за околу 8,3 милиони денари. Учеството на оваа категорија трошоци во вкупните трошоци во 2018 година е речиси исто со нивното учество во 2017 година. Во 2018 год. во споредба со 2017 година најголем пораст има кај трошоците за ситен инвентар, амбалажа и гуми и трошоците за спонзорства и донации ( Факом ад даваше донаци на спортски клубови согласно член 30 од ЗДД). Во периодот јануари-декември 2018 година најголем пораст има кај другите оперативни расходи – 8,7% во споредба со истиот период во 2017 година. Најголем пораст има кај трошоците за наем ( наем на станбени простории од физички лица) и на останати расходи од работењето. (овде е книжен трошок од минати години, односно ф-ра од комитент (Бетон ДГ АД, Пржо дооел) работни налози, записници (од Вабтек МЗТ АД, Bauuntetnehmung Granit GES.M.B.H) се книжеле како приходи од нефактурирана реализација и сега во оваа година се затвараат - се искажуваат како трошок).

Вкупните трошоци на друштвото во јануари-декември 2018 година во однос на јануари-декември 2017 година се зголемени за 5,1%, односно за 66,5 милиони денари.

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## АКТИВА

Структурата на активата на друштвото е прикажана во следната табела:

Во МКД

| АКТИВА | 31.12.2017 | 31.12.2018 | % во актива 31.12.2017 | % во актива 31.12.2018 | % на пораст 2018/2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| **А)ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА** | **248.028.243** | **211.940.200** | **18,98%** | **20,84%** | **-14,55%** |
| Инвестиции во поврзани друштва | 569.555 | 1.035.045 | 0,04% | 0,10% | 81,73% |
| Нематеријални вложувања | 2.557.452 | 3.765.342 | 0,20% | 0,37% | 47,23% |
| Земја, објекти и опрема | 244.901.235 | 207.139.813 | 18,74% | 20,37% | -15,42% |
| **Б) ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **1.058.524.664** | **805.029.492** | **81,02%** | **79,16%** | **-23,95%** |
| Залихи | 213.388.817 | 208.884.899 | 16,33% | 20,54% | -2,11% |
| Побарувања од купувачи | 308.366.320 | 197.159.749 | 23,60% | 19,39% | -36,06% |
| Други побарувања | 32.847.037 | 12.397.431 | 2,51% | 1,22% | -62,26% |
| Аванси | 415.551.468 | 299.604.523 | 31,81% | 29,46% | -27,90% |
| Пари и парични средства | 88.371.023 | 86.982.890 | 6,76% | 8,55% | -1,57% |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **1.306.552.907** | **1.016.969.692** | **100,00%** | **100,00%** | **-22,16%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

Постојаните средства во јануари-декември 2018 година изнесуваат 212 милиони денари и бележат намалување од 14,5% во споредба со истиот период во 2017 година.

Тековните средства во 2018 година се намалени за околу 24% односно за околу 253 милиони денари. Структурата на тековните средства е иста и во двата периода. Најголемо учество во вкупната актива имаат побарувањата од купувачите и авансите.

Вкупната актива покажува намалување од 22% во 2018 година во однос на истиот период 2017 година.

Подолу се прикажани залихите по структура за разгледуваните години:

Во МКД

| ЗАЛИХИ | 31.12.2017 | 31.12.2018 | % на пораст 2018/2017 |
|---|---|---|---|
| Суровини и материјали на залиха | 144.782.285 | 144.506.107 | -0,19% |
| Залиха на резервни делови | 68.606.532 | 64.378.792 | -6,16% |
| Ситен инвентар во употреба | 16.544.281 | 18.866.843 | 14,04% |
| Вредносно усогласување на залихи на ситен инвентар,амбалажа и автогуми | -16.544.281 | -18.866.843 | 14,04% |
| **Вкупно:** | **213.388.817** | **208.884.899** | **-2,11%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

Во 2018 година кај залихите има намалување од околу 4,5 милиони денари односно 2,1%.

Движењето на побарувањата од купувачите по години е како што следи:

Во МКД

| ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ | 31.12.2017 | 31.12.2018 | % на пораст 2018/2017 |
|---|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 129.319.526 | 135.195.544 | 4,54% |
| Побарувања од купувачи во странство | 183.232.119 | 65.715.457 | -64,14% |
| Вредносно усогласување на побарувањата од купувачи | -4.185.326 | -3.751.251 | -10,37% |
| **Вкупно:** | **308.366.320** | **197.159.749** | **-36,06%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

Останатите побарувања се прикажани подолу во табелата:

Во МКД

| ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА | 31.12.2017 | 31.12.2018 | % на пораст 2018/2017 |
|---|---|---|---|
| Данок на додадена вредност | 32.615.310 | 12.361.931 | -62,10% |
| Побарув.за повеќе платен дан.на добивка,дан.на вк.приход,дан.на приход платен на стра | 171.227 | 0 | -100,00% |
| Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања | 60.500 | 35.500 | -41,32% |
| **Вкупно:** | **32.847.037** | **12.397.431** | **-62,26%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвот*

# ПАСИВА

Состојбата со пасивата на друштвото е прикажана во следната табела:

Во МКД

| ПАСИВА | 31.12.2017 | 31.12.2018 | % во актива 31.12.2017 | % во пасива 31.12.2018 | % на пораст 2018/2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| **А) КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | **578.379.994** | **594.303.628** | **44,27%** | **58,44%** | **2,75%** |
| Запишан капитал | 180.825.369 | 180.825.369 | 13,84% | 17,78% | 0,00% |
| Резерви | 64.237.795 | 67.022.302 | 4,92% | 6,59% | 4,33% |
| Акумулирана добивка/загуба | 330.997.812 | 330.997.812 | 25,33% | 32,55% | 0,00% |
| Нето тековна добивка/загуба | 2.319.017 | 15.458.144 | 0,18% | 1,52% | 566,58% |
| **Б) ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ** | **7.171.677** | **3.586.270** | **0,55%** | **0,35%** | **-49,99%** |
| Заеми и кредити | 7.171.677 | 3.586.270 | 0,55% | 0,35% | -49,99% |
| **В) ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | **721.001.236** | **419.079.794** | **55,18%** | **41,21%** | **-41,88%** |
| Обврски спрема добавувачи | 692.952.232 | 371.985.697 | 53,04% | 36,58% | -46,32% |
| Обврски кон вработени | 26.324.503 | 23.852.830 | 2,01% | 2,35% | -9,39% |
| Обврски кон даноци | 3.631 | 2.940.859 | 0,00% | 0,29% | 80893,09% |
| Краткорочни позајмици | 0 | 18.043.151 | 0,00% | 1,77% | 0,00% |
| Резервации | 200.748 | 782.136 | 0,02% | 0,08% | 289,61% |
| Други тековни обврски | 1.520.122 | 1.475.122 | 0,12% | 0,15% | -2,96% |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **1.306.552.907** | **1.016.969.692** | **100,00%** | **100,00%** | **-22,16%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

Во пасивата на друштвото најголем дел или 58,4% претставуваат капиталот и резервите.
Во овој период има намалување на вкупните тековни обврски и на долгорочните обврски (заеми и кредити).
Вкупната пасива е намалена за 22,1% во 2018 година во споредба со истиот период во 2017 година. Нема промени во структурата на пасивата во двата анализирани периоди.

Тековните обврски се прикажани во следната табела.

Во МКД

| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | | | **Учество** | **Учество** | **% на пораст** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **31.12.2017** | **31.12.2018** | **31.12.2017** | **31.12.2018** | **2018/2017** |
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 342.904.653 | 285.643.544 | 49,48% | 76,79% | -16,70% |
| Обврски спрема добавувачи од странство | 21.184.218 | 14.379.680 | 3,06% | 3,87% | -32,12% |
| Обврски за примени аванси,депозити и кауции і | 65.911.874 | 45.098.194 | 9,51% | 12,12% | -31,58% |
| Обврски за примени аванси,депозити и кауции с | 262.951.487 | 26.864.279 | 37,95% | 7,22% | -89,78% |
| **Вкупно:** | **692.952.232** | **371.985.697** | **100,00%** | **100,00%** | **-46,32%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

Со 31.12.2018 година вкупните обврски спрема вработените се намалени за околу 2,5 милиони денари во споредба со 31.12.2017 година.
Тоа може да се види од следната табела:

Во МКД

| **ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ** | | | **Учество** | **Учество** | **% на пораст** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **31.12.2017** | **31.12.2018** | **31.12.2017** | **31.12.2018** | **2018/2017** |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и надо | 8.519.373 | 7.679.639 | 32,36% | 32,20% | -9,86% |
| Обврски за персонален данок на доход | 170.134 | 165.134 | 0,65% | 0,69% | -2,94% |
| Обврски за плата и надоместоци на плата | 14.981.822 | 13.620.932 | 56,91% | 57,10% | -9,08% |
| Останати обврски спрема вработените | 2.653.174 | 2.387.125 | 10,08% | 10,01% | -10,03% |
| **Вкупно:** | **26.324.503** | **23.852.830** | **100,00%** | **100,00%** | **-9,39%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

Најголемо учество во овие обврски и во двата анализирани периоди имаат обврските за нето плата и надоместоци од плата.

Во овој период во 2018 година кај друштвото има намалување на долгорочните обврски за околу 50%.

Во МКД

| **ЗАЕМИ** | | | **Учество** | **Учество** | **% на пораст** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **31.12.2017** | **31.12.2018** | **31.12.2017** | **31.12.2018** | **2018/2017** |
| Долгорочни обврски за заеми | 7.171.677 | 3.586.270 | 100,00% | 16,58% | -49,99% |
| Краткорочни обврски за заеми | 0 | 18.043.151 | 0,00% | 83,42% | 0,00% |
| **Вкупно:** | **7.171.677** | **21.629.421** | **100,00%** | **100,00%** | **201,60%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

# ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

| Ликвидност | 31.12.2017 | 31.12.2018 | | 2018/2017 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Тековна ликвидност | 1,47 | 1,92 | | 30,84% |
| Моментна ликвидност | 1,17 | 1,42 | | 21,36% |
| Нето обртен капитал | 337.523.428 | 385.949.698 | | 14,35% |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

Во јануари-декември 2018 година кај показателот на тековна ликвидност и на моментна ликвидност има пораст и се на задоволително ниво што зборува дека обртните средства сеуште се поголеми од краткорочните обврски.

Нето обртниот капитал е зголемен во 2018 година, што значи дека способноста на друштвото за навремено плаќање на своите стасани обврски се зголемила.

| Користење на средствата | 31.12.2017 | 31.12.2018 | | 2018/2017 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Обрт на побарувањата | 4,21 | 7,00 | | 66,23% |
| Период на наплата на побарувањата | 87 | 52 | | -39,84% |
| Период на исплата на обврските | 245 | 125 | | -49,20% |
| Обрт на залихите | 6,09 | 6,61 | | 8,57% |
| Просечно времетраење на врзување на средства во залихите | 60 | 55 | | -7,90% |
| Обрт на основни средства | 5,24 | 6,51 | | 24,38% |
| Обрт на вкупни средства | 0,99 | 1,36 | | 36,55% |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

Обртот на побарувањата е побрз во споредба со јануари-декември 2017 година, што значи дека друштвото успеало да ја подобри наплатата од должниците.

Периодот на наплата на побарувањата од 87 дена во 2017 година е намален на 52 дена што позитивно влијае на ликвидноста на друштвото.

Периодот на исплата на обврските покажува дека во 2018 година времето за целосна исплата на обврските кон добавувачите е скратено за околу 120 дена во споредба со истиот период во 2017 година. Односно во 2017 година обврските ги исплаќале за околу 8 месеци , а во 2018 година за околу 4 месеци.

Може да се забележи дека времето на наплата на побарувањата е пократко од времето на плаќање на обврските. Ваквиот однос меѓу плаќањето на обврски и наплата на побарување е добро за ликвидноста на фирмата.

Времетраењето на претварање на залихите во пари е скратено од 60 на 55 дена.

Показателот на обрт на основни средства е 5,2 во јануари-декември 2017 година па 6,5 во 2018 година, што значи дека на еден денар вложен во основни средства се остварува поголем приход во 2018 година.

| Задолженост и способност за задолжување | 31.12.2017 | 31.12.2018 | | 2018/2017 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Вкупна задолженост | 55,73% | 41,56% | | -14% |
| Долгорочна задолженост | 1,24% | 0,60% | | -1% |
| Долгорочна стабилност на финансирањето | 236,08% | 282,10% | | 46% |
| Покриеност на каматата | 51,82% | 479,74% | | 428% |
| Покриеност на фиксните обврски | 52,10% | 449,21% | | 397% |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

Показателот на вкупната задолженост е намален во 2018 година во споредба со истиот период 2017 година и може да се рече дека ова е резултата на намалувањето на вкупните средствата и обврските. Зголемувањето на оперативната добивка ја подобри долгорочната стабилност на финансирањето, ја зголеми покриеноста на каматата и покриеноста на фиксните обврски.

| Профитабилност | 31.12.2017 | 31.12.2018 | | 2018/2017 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Бруто профитна маржа | 0,35% | 1,42% | | 1% |
| Нето профитна маржа | 0,18% | 1,12% | | 1% |
| Принос на вкупни средства | 0,18% | 1,52% | | 1% |
| Принос на сопствен капитал | 0,40% | 2,60% | | 2% |
| Принос на сопствен капитал | 0,40% | 2,60% | | 2% |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

Показателот бруто профитна маржа е со позитивна вредност и зборува дека друштвото крајот на годината го завршило со позитивен финансиски резултат. Овој показател е зголемен во јануари-декември 2018 година во споредба со јануари-декември 2017 година, поради зголемување на оперативната добивка. Приносот на вкупните средства е позитивен, и во јануари-декември 2018 година е зголемен во споредба со истиот период во 2017 година поради зголемување на нето добивката од работењето.